РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ - СКОПЈЕ
бр. 03-1179/1
13.03 2018 год.
СКОПЈЕ


**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Комисија за заштита од дискриминација**

бул. Гоце Делчев бб (Зграда на МРТВ), спрат 20, Скопје

тел. 02/3232-242


# ПРЕТСТАВКА

**ВАЖНО**: Од претставката која ни ја упатувате, копија ќе биде доставена до физичкото/правното лице, односно органот против кого ја поднесувате претставката.

**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ**

1. **ИМЕ:** __________
2. **ПРЕЗИМЕ:** __________
3. **НАЗИВ:** Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
4. **АДРЕСА/СЕДИШТЕ:** Палата Панко Брашнаров, ул. Македонија бр.38, 1000 Скопје, Република Македонија
5. **ПОЛ:** __________
6. **ДАТУМ НА РАЃАЊЕ:** __________
7. **ТЕЛЕФОН:** + 389 2 3103 400 **E-MAIL:** contact@avmu.mk
8. **ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ:** __________ (не е задолжителен податок)
9. **ДАЛИ ЈА ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКАТА ЗА ИМЕ НА ДРУГО ЛИЦЕ:** __________ (одговорете со ДА или НЕ)
10. **АКО ОДГОВОРОТ НА ПРЕТХОДНОТО ПРАШАЊЕ Е ПОТВРДЕН, НАВЕДЕТЕ ВО ЧИЕ ИМЕ ЈА ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКАТА:** __________
11. **ДАЛИ ИМАТЕ СОГЛАСНОСТ ОД ЛИЦЕТО ВО ЧИЕ ИМЕ ЈА ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКАТА:** __________ (одговорете со ДА или НЕ; доколку ДА, истата приложете ја)

**ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКОТО/ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ОДНОСНО ОРГАНОТ ПРОТИВ КОГО ЈА ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКАТА**

1. **АКО ПРЕТСТАВКАТА СЕ ОДНЕСУВА НА ПРАВНО ЛИЦЕ/ОРГАН:**
   - **НАЗИВ:** Трговско радиодифузно друштво Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје
   - **СЕДИШТЕ:** Качанички пат б.б., 1000 Скопје

- ТЕЛЕФОН: + 389 (0)2 2600 370
- ДАЛИ СТЕ ВРБОТЕН/А ВО ТОА ПРАВНО ЛИЦЕ/ОРГАН: Не
(одговорете со ДА или НЕ)

2. АКО ПРЕТСТАВКАТА СЕ ОДНЕСУВА НА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ:

- ИМЕ И ПРЕЗИМЕ:
______________________________________________
- АДРЕСА:
______________________________________________
- ТЕЛЕФОН: ____________________
- ДАЛИ ЛИЧНОСТА ЗА КОЈА ТВРДИТЕ ДЕКА ВЕ ДИСКРИМИНИРАЛА ТОА ГО НАПРАВИЛА НА РАБОТНОТО МЕСТО/ИЗВРШУВАЈЌИ ГИ РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ:
____________________ (одговорете со ДА или НЕ)
- АКО ПРЕТХОДНИОТ ОДГОВОР Е ПОЗИТИВЕН, НАВЕДЕТЕ КАДЕ Е ВРАБОТЕНА ЛИЧНОСТА:
______________________________________________
______________________________________________
______________________________________________
(назив на претпријатието/институцијата/организацијата, адреса, телефон, позиција/работно место на соодветната личност)

ВАЖНО: Доколку има повеќе физички и/или правни лица, односно органи против кои поднесувате претставки, Ве молиме за секој од нив да пополните посебна претставка.

ОСНОВ/И ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА

Заокружете еден или повеќе основи на дискриминација, врз чија основа сметате дека сте дискриминирани.

1. Пол
2. Раса
3. Боја на кожа
4. Род
5. Припадност на маргинализирана група
6. Етничка припадност (заокружено)
7. Јазик
8. Државјанство
9. Социјално потекло
10. Религија или верско уверување
11. Други видови уверувања
12. Образование
13. Политичка припадност
14. Личен или општествен статус
15. Ментална и телесна попреченост
16. Возраст
17. Семејна или брачна состојба
18. Имотен статус
19. Здравствена состојба
20. Некоја друга основа: (наведете која)
______________________________

КАДЕ СЕ СЛУЧИ НАСТАНОТ ПО КОЈ ПОВОД ПОДНЕСУВАТЕ ПРЕТСТАВКА

1. РАБОТАТА И РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

2. **ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И СПОРТ**
3. **СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО И ПОДРАЧЈЕТО НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**
4. **ПРАВОСУДСТВО И УПРАВА**
5. **ДОМУВАЊЕ**
6. **ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ И МЕДИУМИ**
7. **ПРИСТАП ДО ДОБРА И УСЛУГИ**
8. **ЧЛЕНУВАЊЕ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ВО СИНДИКАЛНИ, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ, ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ИЛИ ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗАСНОВАНИ НА ЧЛЕНСТВО**
9. **КУЛТУРА**
10. **ДРУГИ ОБЛАСТИ ОПРЕЕДЕЛЕНИ СО ЗАКОН**

    ____________________________________

    ______________________________________________________________

    (наведете)

**ОПИС НА НАСТАНОТ** (опишете го детално настанот по кој повод поднесувате претставка, вклучувајќи ги податоците за времето, местото, лицата кои биле присутни и слично)

Сите детали се наведени и образложени во Писмениот извештај за извршен програмски надзор врз ТРД ТВ Алфа од Скопје кој, заедно со снимка од емисијата во која е сторен прекршокот, е придружен кон оваа Претставка.

**ВАЖНО**: Доколку Ви е потребно повеќе место за пишување, употребете додатен лист.

**ДОКАЗИ** (наведете ги доказите кои ги доставувате во прилог на претставката)

1. Писмен извештај за извршен програмски надзор
2. Снимки од емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувана на ТВ Алфа на 27 јануари 2018 година, со почеток во 23 часот и 13 минути
3. Известување со барање за постапување до Основно јавно обвинителство - Скопје

1. **ДАЛИ ИМАТЕ ПОВЕДЕНО СУДСКА ПОСТАПКА** НЕ (одговорете со ДА или НЕ)
2. **АКО СТЕ ПОВЕЛЕ, ПРЕД КОЈ СУД И КОГА**

    ____________________________________

    ______________________________________________________________

    ______________________________________________________________

(доставете и фотокопија од тужбата)

3. **ДАЛИ СЕ ИМАТЕ ОБРАТЕНО ДО ДРУГА ИНСТИТУЦИЈА** ДА (одговорете со ДА или НЕ)
4. **АКО СТЕ СЕ ОБРАТИЛЕ, ДО КОЈА И КОГА** Основно јавно обвинителство – Скопје на 13.03.2018

(доставете и фотокопија од кореспонденцијата)

| МЕСТО И ДАТА | ПОТПИС |
| --- | --- |
| | |

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13.03.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1174 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. Субјект на надзорот: телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. Период опфатен со надзорот: 27 и 28 јануари 2018 година (издание на емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувано на овие датуми)

4. Датум на извршување на надзорот: 13 март 2018 година

5. Предмет на надзорот:

   – Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност);

6. Претходно изречена мерка: Во 2018 година против медиумот нема претходно изречена мерка по член 48 од ЗААВМУ

7. Констатации од надзорот:

Со вонредниот надзор извршен по службена должност врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 27 и 28 јануари 2018 година, на државно ниво, <u>е констатирано прекршување на посебните забрани од член 48 од Законот</u> за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во изданието на емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувано на 27 јануари 2018 година со почеток во 23 часот и 13 минути и крај во 2 часот и 5 минути на 28 јануари, авторот на емисијата Миленко Неделковски и неговата гостинка Мирка Велиновска изнесоа повеќе изјави и ставови со кои се поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на етничка припадност. Со уредничката одлука да ја емитува оваа однапред снимена емисија, ТВ Алфа овозможи да се шири дискриминација и говор на омраза врз основа на етничка припадност.

*****

Анализираното издание на „Миленко Неделковски шоу", претставува актуелно-информативна говорна шоу програма, односно согласно Упатството за начинот на класификација на видовите

аудиовизуелни и аудио програми[1], таа е програмска целина чија примарна цел е да овозможи продлабочена анализа на актуелни или на реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени случувања, настани и теми, најчесто има точно утврден термин од програмската шема и е реализирана како студиска програма, осмислена од еден или од повеќе постојани водители преку - интервјуа, дебати или панел-дискусии, а може да вклучува и телефонски контакт со публика.

Емисијата е произведена од независни продуценти, но уредничката одлука за нејзино емитување ја носи ТВ Алфа која за таквата одлука сноси уредничка одговорност која е јасно дефинирана во член 3 став 1 точка 26 од ЗААВМУ: „Уредничка одговорност во аудио или аудиовизуелна медиумска услуга значи одлучувачка контрола врз изборот на програмите и врз нивното организирање во хронолошкиот редослед на програмите (програмска шема), во случај на телевизиско или на радио емитување (линеарни услуги)...". Телевизијата, пред почетокот на анализираната емисија, на телоп ја емитува следнава содржина: „Емисијата „Миленко Неделковски шоу" е надворешен проект и ставовите изнесени во неа, не се ставови на Алфа Телевизија.", но со ова таа не ја намалува својата уредничка одговорност за изборот да ја емитува во рамките на својата програмска шема.

- Изданието на емисијата од 27 јануари 2018 година, авторот и водител Миленко Неделковски, го започнува со вовед за како што вели, да ја објасни целта и идејата позади снимањето на една ваква емисија. Поканетата гостинка Мирка Велиновска, на ова се надоврзува и дополнително ја објаснува идејата за реализација на емисијата:

23:13:50 – 23:15:15

Миленко Неделковски: „Ова се сериозни времиња и за сериозни времиња бара сериозни анализи, постапки, не бара шарлатанство и комедијанти и токму затоа сметам дека во овие клучни, тешки моменти за оваа држава потребна е една ваква емисија. Во комуникацијата што ја имам со колешката Велиновска дојдовме до заклучок кој е јасен, чист, а тоа е дека ние немаме ништо заедничко со ова што се случува денеска во Македонија, дека ние никого немаме овластено, на никого му ги немаме предадено нашите права да го прави ова што го прави во случајов - преговорите за промена на името, за договор со Бугарија, за двојазичност. Значи никого не сме овластиле и токму затоа решивме со помош на еден наш добар пријател, професор на Правен факултет, да направиме документ кој сега јас ќе ви го прочитам на почетокот на емисијата со кое нешто ова што се случува не го признаваме и кое нешто сметаме дека ќе биде со време и санкционирано."

23:22:08 – 23:24:58

Мирка Велиновска: „Да подобјасниме вака што е целта, ние нели кога разговаравме, баравме начин во вакви тешки услови да отпочнеме асиметрична условно, да објавиме асиметрична војна на окупаторот и на домашните квислинзи. Идејата е да избегнеме уопште да разговараме за, да влеземе во замка на распишување референдум, собирање потписи тоа е губење време. Во вакви услови знаеме дека не може ни да се случи нешто нормално ниту некој ќе го, објективно ќе ги..."

Миленко Неделковски: „...И ќе биде фалсификуван..."

Мирка Велиновска: „...Да ќе биде фалсификуван и ќе се изигрува. Многу пати до сега во Европа тоа го видовме. Работава е со ваков начин да обезбедиме не само одговор масовен од Македонците и

[1] Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, достапно на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Upatstvo_za_nacinot_na_klasifikacija_na_vidovite.pdf

сите оние што ја чувствуваат Македонија како сопствена татковина туку, и не само историски доказ дека сме дале отпор, туку и да обезбедиме правни основи за покренување правни постапки кога ќе дојдат нормалните услови. Овие учесници во ваков злостор против човештвото мора да бидат изведени и да одговараат пред судот врховен на Македонија или пред народните судови во Македонија."

Миленко Неделковски: „Ова не може што се случува сега да мине неказнето."

Мирка Велиновска: „Не може. Ова е само она што го правеа нели во службен весник, деца или родители кога се откажуваа од сопствениот род и не ги признаваа долговите направени на нивна сметка. Ние со вакви арамии, бандити немаме ништо заедничко, никој од нив не добил овластување од суверенот, македонскиот народ."

Миленко Неделковски: „Кон кого е и ова обраќање."

По ваквото објаснување на контекстот на емисијата, Неделковски чита дел од документ кој треба да биде упатен до Собранието на РМ од секој оној кој се согласува со неговата содржина, по што ја повикува гостинката во студиото да го каже својот став околу писмото и да ја објасни неговата цел. Оттука започнува анализата на гостинката Мирка Велиновска која од поширок аспект зборува за актуелните теми како што се преговорите за спорот за името и законот за јазиците, како и за историско-политичките теми и (минати и сегашни) држави кои на каков било начин може да се поврзат со Република Македонија и случувањата во неа изминатите неколку децении.

Во првиот час од емисијата, Велиновска повеќе зборува за теми кои не се директно поврзани со актуелните политички случувања и ги коментира активностите на поранешни и актуелни политичари кои ги смета за „недостојници". Во текот на емисијата водителот поретко се јавува со прашања и коментари, односно гостинката во емисијата слободно и, практично без прекинувања, ги диктира темите. Емисијата изобилува со нејзини ставови кон јавни личности меѓу кои политичари, уметници, професори и други лица кои на еден или друг начин учествувале во општествено-политичкиот живот во Македонија. Станува збор за говор за кој засегнатите лица, доколку сметаат дека им е повредена честа и угледот, можат да поведат граѓанска постапка пред надлежните судови според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, по кој Агенцијата не е надлежна да постапува.

Во продолжение на емисијата може да се забележи дискриминаторски говор (забранет со ЗААВМУ) насочен кон албанската етничка заедница. Ставовите ги искажува гостинката Мирка Велиновска, а се поддржани од водителот Неделковски со потврдни зборови и дополнувања. Тој во ниту еден момент не спори со нејзините јавно искажани ставови и не се оградува од нив. Во прилог се цитати од деловите од емисијата во кои може да се забележи дискриминаторски говор:

00:46:01 – 00:50:46

Мирка Велиновска: „...Е сеа да дојдеме за цинизмот ако сакаш. Посебно поглавје кое го добија Албанците, се смета вака да речам по сите стандарди, за таков цинизам, таква злосторничка заебанција, смислена од овие стратези и тактичари на евро-атлантскиот полусвет, да ја морам вака да го кажам: Да добие улога, едно племе како што ги нарекува Ноам Чомски..."

Миленко Неделковски: „...диво племе...",

Мирка Велиновска: „...кое што не може да се спитоми, кое не може да изгради ни соработка ни соживот со никој, вклучително и со своите сопственици, односно газди, да му дадеш улога да учествува во операција обезименување на еден..."

Миленко Неделковски: „...на друг народ, не на неговиот..."

Мирка Велиновска: „...домороден народ. Тој проблем, го имаат и Грците нели, тука се исти. Се гледа дека немаме ништо. Значи не се цивилизирани народи него се дивјаци. Дивјаци. Грците не се ништо подобри, односно Хелените. Знаеш дека во пописните книги и во историјата на турската империја, не постоеле Албанци, не постоеле Шиптари, се викале Арнаути..."

Миленко Неделковски: „...како група како народ..."

Мирка Велиновска: „...Арнаути, племе Арнаутско..."

Миленко Неделковски: „...Па ние така ги викаме и ден денеска..."

Мирка Велиновска: „...Арнаути тоа им е името..."

Миленко Неделковски (додава): „...Да..."

Мирка Велиновска: „...Дури во крајот на 18 век, почетокот на 19 им понудиле две имиња, Арбанези или Шиптари. Да се одлучат. И они Шиптари го претпочитале, сега нели Албанци. Арбанези. Инаку, Арнаути..."

Миленко Неделковски: „...Како што се воведени во сите турски книги..."

Мирка Велиновска: „...Во сите. Значи кој сака нека си ги земе пописите. Турците се познати по тоа и Римјаните од стар Рим. Беспрекорни..."

Миленко Неделковски: „...педантни..."

Мирка Велиновска: „...Најдобро спроведувани пописи, без лаги без ништо. Арнаут, етимолошки како да ти речам, појмовно симболот јазичен Арнаут значи оној кој нема каде да се врати. Или, скратено, скитач..."

Миленко Неделковски: „...чергар..."

Мирка Велиновска: „...чергар, бездомник. Они биле племе од Кавказот кое немало своја земја. Лутале, краделе, ќе поседат негде, ќе направат зулум, ќе се тргнат на друго место ќе идат. Значи немале своја територија, маркица... Дури и кога оделе со Турците, они биле само тоа. Дојденци во одреден момент. Значи оној кој нема каде да се врати, како овој што беше таму како се вика министер порано за здравство, па не знам, Арбен не знам, во холандска Амбасада..."

Миленко Неделковски: „...Груби да..."

Мирка Велиновска: „...Груби тепачот, Артан не знам...Тие одредуваат кое име кој е идентитетот на народ у кој они уствари се дојденци. Не се никакви Илири, да не се залажуеме."

Миленко Неделковски: „Значи симболиката на значењето на зборот на... "

Мирка Велиновска: „...Зборот у превод тоа значи, како што Македон значи папок или пивот или центар..."

Миленко Неделковски: „...така Арнаутин значи човек кој нема кај да се врати..."

00:53:07 – 00:58:10

Мирка Велиновска: „...Скитачко племе без сопствена територија, не глеаш како луди купуваат сега со тапии затоа што ова им е прво на нив, што имаат и пак не е нивна земја. Откупуваат со насилства со све. Они, нивниот идентитет е бездомници и скитачи. Диво племе. Затоа се диво, не се цивилизирале. Не фатиле корен.

Миленко Неделковски: „...Значи таткото на современата лингвистика Ноам Чомски, точно ја дава карактеристиката за нив. Значи тој вели диво племе, тоа во превод е практично Арнаути..."

Мирка Велиновска: „...Точно, точно, точно. Тоа им било оригинерното име бе. Не е тоа, како да ти речам..."

Миленко Неделковски: „...Тоа им е идентитетот..."

Мирка Велиновска: „...Тоа им е идентитетот. Не сум им го дала ја. Им понудиле име кога почнале националистичкиве прекројувања во 18 и 19 век у Европа. Они пред тоа си биле Арнаути. Ене им ги пописите. Тоа не е врзано со религија. Религијата е избор. Идентитетот им е тој. Види, пола Западна Европа потекнува од племе Вандали. Вандал името синонимот е – грубјан, пљачкаш. Ја не им ги измишљам, они се тие. Го носат тој ген. Го носат тоа наследство и глумат цивилизација, глеаш дека не им стои добро цивилизација. Каде отидоа, кај им цапна нога, они растурија и цивилизација и уништија и народи и култури и све. И грабат. Не глеаш дека грабат. Све што е наследство културно они у музеи свои го зимаат."

Миленко Неделковски: „Овие што се историски факти, Арнаути, Ендопи, други, Маџири итн., Вулгари тоа никој не го користи како поента во овие разговори за разликите за името. Ниту го користи во однос на двојазичноста. Ниту во однос на договорот со Бугарија, за црквата."

Мирка Велиновска: „Па не се спремени. Ништо! Па нема прозборено на ниво на месен комитет, во изјава за јавност да каже кој си ти бе ти да преговараш бе човек. Али Ахмети, Теута Арифи не знам кој... Прво е непристојно. Културен човек..."

Миленко Неделковски: „...пристоен човек, да, со домашна култура..."

Мирка Велиновска: „...воспитан човек, човек со достоинство со мозок, со чувство за праведност и правда не може да се упушти во тоа како да се вика земјата во која скитачково племе живее, како да се вика таа земја и како да се вика тој народ мнозинскиот односно што ја создал таа земја. И тоа западот си го користи, бидејќи овдека ни една жена ни маж не станує и вика: СТОП! Застани! Излагаме од преговори, кој ве шиша. Ма Америка стои, ма кој сака нека стои бе! Ова еднаш у 10 000 години се дешава. Ако успее у Македонија, отиде човештвото. Они како си дизајнираат, си произведуваат полови не знам ова она, ова е таков инженеринг, такво лудило ја не можам со ништо да го споредам. Почесно решение е и конц-логор да измислиш. И сега што е уште пострашно, нормалниот народ у депресија, без компас да може да се ориентира, без знаење како да се ориентира, влага у таква замка и малодушност да вика, а бе што и да праиме нема да успееме, еее големите веќе се договориле, тоа е на пат да легнеш и чекаш да ти ја опнат инјекцијата и да те усмртат. И за тоа Македонецот, заради такво искуство, има приказна, Џепенко ја има оставено во наследство. Ако и таа бабите на внуците не ја прочитале, или учителките на или негувателките у забавиште и прво одделение, ја не можам ништо да им помогнам...."

.....

Мирка Велиновска: „...Ние мора да го спасиме она што е наше. Не може мене Арнаути што немаат каде да се вратат..."

Миленко Неделковски: „...и Вулгари..."

Мирка Велиновска: „...и овие како да ги речам, вештачки народ со вештачко име со три... а цело наследство било нивно. Па држава немаа бе! Најбанкрот држава од кога ги создадоа Германците, секоја втора година банкротираа. Држава со најголем број банкроти. Еве и ја сум таков, нели имам таков ген. Тие ли ќе ми држат предавања? Апашишта. Нели варвари беа Македонците? Сите сме ги читале тие Филипики. Крадачи на истории. Тоа што е нивно е нивно, тоа што е на Македонија е на Македонија. Моеш ти да бришеш, да пребришуваш не можеш..."

***

- Во „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се посочува дека:

„Форматот за известување за резултатите од мониторингот треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата

на изразување во секој поединечен случај. Тоа значи дека релевантните оддели треба да подготват предлог во кој ќе се наведе дека постои "говор на омраза" во медиумите, цитирајќи го не само Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку и давајќи објаснување за легитимната цел за таквата одлука и зошто е потребно такво ограничување на слободата на изразување во едно демократско општество"[2]. Ова значи дека, со цел да се утврди дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права во Стразбур (ЕСЧП), потребно е да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество.

*Дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон?*

Одредби релевантни при оценувањето дали во емисијата „Миленко Неделковски шоу" од 27 јануари 2018 година има дискриминација по етничка основа се:

Член 10

Слобода на изразување

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината.

Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството."[3]

Од Законот за спречување и заштита од дискриминација - ЗСЗД („Службен весник на Република Македонија, бр. 50/10)

Член 3

Основи за дискриминација

„Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или

[2] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.28, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

[3] Европска конвенција за човекови права, член 10, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)."

Од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14, 142/16 и 132/17)

Член 48

Посебни забрани

„Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права."

Членот 48 од ЗААВМУ, во првиот став утврдува забрана за поттикнување или ширење „дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност", а потоа, во вториот став прецизира дека „посебните забрани од ставот (1) ... треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права". Во „Листата со факти - говор на омраза" ("Fact sheet – Hate speech") од февруари 2018 година на Европскиот суд за човекови права[4] се наведуваат неколку случаи со веќе донесени пресуди што се во врска со членот 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) кој се однесува на слободата на изразување.

Релевантни за конкретнава анализа се следниве случаи со донесена пресуда поради поттикнување омраза врз основа на расна и етничка припадност од „Листата со факти – говор на омраза" во кои членот 10 е применет во врска со поттикнување дискриминација на етничка основа:

Првиот случај е **Павел Иванов против Русија (20 февруари 2012 година)** во кој тужителот, сопственик и уредник на весник, беше осуден за јавно поттикнување на етничка, расна и религиозна омраза преку употреба на мас-медиуми. Тој напишал и објавил серија колумни кои ги претставуваат Евреите како извор на злото во Русија, повикувајќи на нивно исклучување од општествениот живот. Тој обвинил цела една етничка група за заговор против рускиот народ и ја препишал фашистичката идеологија на еврејското раководство. Во двете негови публикации, и во неговите искази на судењето, тој постојано го негирал правото на евреите на национално достоинство, тврдејќи дека тие не формирале нација. Тој особено се жалел дека неговата осуда за расна омраза не била оправдана. Европскиот суд за човекови права ја отфрлил жалбата согласувајќи се со проценката на руските судови дека преку своите публикации тој поттикнувал омраза кон Евреите. „Ваков општ, жесток напад на една етничка група е

[4] "Fact sheet – Hate speech", European Court of Human Rights, февруари 2018, достапен на: https://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf

насочен против основните вредности на Конвенцијата, особено толеранцијата, социјалниот мир и недискриминацијата"[5].

Во случајот Сулас и други против Франција (од 10 јули 2008 година) станува збор за лица кои биле осудени поради поттикнување омраза кон муслиманските заедници од северна и централна Африка преку публикацијата насловена „Колонизацијата на Европа", со поднаслов „Вистинити белешки за имиграцијата и Исламот". Европскиот суд за човекови права утврдил дека француските судови не го прекршиле членот 10 од Конвенцијата посочувајќи оти, кога ја носеле пресудата тие „потенцирале дека термините користени во книгата имале за цел да предизвикаат кај читателите чувство на отфрленост и антагонизам, засилени со употреба на воен речник, во однос на заедниците за кои се зборува, кои беа посочени како главен непријател, и да ги наведе читателите на книгата да го делат решението препорачано од авторот, односно војна за етничко ре-освојување". Европскиот суд за човекови права смета дека основите за осудата биле „доволни и релевантни" и дека ограничувањето на слободата на авторите било неопходно во демократско општество.[6]

Во членот 48 став 1 од ЗААВМУ, забраната за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на националната припадност е експлицитно наведена. Согласно став 2 од овој член, Агенцијата треба ја следи практиката на Европскиот суд за човекови права, а како што јасно е образложено во пресудите во двата погоре посочени случаи - ограничувањето на слободата на изразување во случаи кога станува збор за „дискриминација, нетрпеливост или омраза" врз основа на национална и етничка припадност – не се смета за прекршување на членот 10 од ЕКЧП.

Во член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е забранета секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување и врз основа на етничка припадност.

Врз основа на сето ова може да се заклучи дека е исполнет првиот услов од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права, односно - ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон.

### *Дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество?*

За да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество, во натамошниот дел од извештајов содржината на емисијата „Миленко Неделковски шоу" ќе биде анализирана од аспект на прашањата од упатствата за мониторинг на говорот на омраза од „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата"[7] на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

---

[5] "Fact sheet – Hate speech", European Court of Human Rights, февруари 2018, заглавие Ethnic hate стр. 2, достапен на https://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf

[6] Ибид стр. 10.

[7] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.24-28, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

1. Кој бил контекстот на изразувањето?

Во однос на вкупниот општествено-политички контекст во државата, емисијата „Миленко Неделковски шоу" на ТВ Алфа е емитувана во време кога се интензивирани активностите околу преговорите за името со Република Грција, во собраниска процедура е предлог Законот за јазици и најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ не учествува во работата на Собранието на РМ. Изминатиот период во главниот град се одржаа неколку протести со кои се бараше прекин на преговорите за името, недонесување на Законот за јазици и непризнавање на потпишаниот Договор за добрососедство со Бугарија. Во воведниот дел од емисијата Неделковски и Велиновска објаснуваат како овој општествено-политички контекст е повод за емисијата.

2. Кое е лицето одговорно за изразувањето?

Како што посочува „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" согласно едно од начелата во Препораката бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза" :„Една од најважните разлики кои треба јасно да бидат изразени во националното право и пракса со цел да се направи јасна разлика меѓу одговорноста на авторот на изразите на говор на омраза, од една страна, и некаква одговорност на медиумите и медиумските експерти кои придонесуваат за ширење на истите како дел од нивната мисија да пренесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, од друга страна."

Во својата пракса, Европскиот суд за човекови права секогаш сметал дека е недозволиво новинарите и медиумите да бидат извор на говор на омраза, јасно видливо од случајот Сурек против Турција[8].

Во дадениов случај, извор на говорот се личности кои се лесно препознатливи во јавноста и се активни во општествено-политичкиот живот во државата. Миленко Неделковски повеќе години е автор на сопствено актуелно-информативно говорно шоу, кое се емитуваше на неколку различни телевизиски програмски сервиси. Мирка Велиновска е долгогодишна новинарка, колумнистка и честа гостинка во „Миленко Неделковски шоу". Емисијата е однапред снимена (во соработка со Томато продукција) и премиерно се емитува на ТВ Алфа - телевизиски програмски сервис на државно ниво кој емитува програма преку дигитален терестријален мултиплекс. ТВ Алфа има уредничка одговорност за нејзиното емитување во рамките на својот програмски сервис.

3. Дали постоела намера за провоцирање на говор на омраза?

„Артикл 19 ја дефинира намерата како "Волност (volition) (намерно настојување) да се заговара омраза, ...насочена кон заштитена група врз база на недозволени основи, а притоа да се биде свесен за последиците од своите постапки и знаејќи дека последиците ќе се случат или може да се случат во вообичаениот тек на настаните.[9]"

---

[8] Достапна на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-97087%22]}

[9] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.26, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

Европскиот суд за човекови права утврдува дали имало намера врз основа на процената за случајот и неговите околности како целина, особено преку специфичниот јазик: експлицитните зборови и изрази кои се користат, тонот на говорот и околностите; потоа степенот и бројот на повторувања на дискриминаторскиот говор; како и дали говорникот можел да го предвиди веројатното влијание од она што го кажал, дали цел му била одредена малцинска група и дали намерата била јасна и недвосмислена за публиката.

Ставовите што се изнесуваат во емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувани на ТВ Алфа од страна на гостинката Мирка Велиновска, а отворено поддржани од страна на водителот Миленко Неделковски, во еден дел несомнено претставуваат дискриминација и поттикнување на омраза врз основа на етничка припадност, а во некои постои обид да се затскријат зад искази на други познати личности, во случајов Ноам Чомски и да се рационализираат со посочување на одредени историски факти кои би ја намалиле одговорноста за искажаниот дискриминаторски говор.

Меѓу ставовите искажани од Мирка Велиновска и Миленко Неделковски, кои отворено претставуваат дискриминација по етничка основа спаѓаат следниве:

(00:48 – 00:50)

Мирка Велиновска: „...Е сеа да дојдеме за цинизмот ако сакаш. Посебно поглавје кое го добија Албанците, се смета вака да речам по сите стандарди, за таков цинизам, таква злосторничка заебанција, смислена од овие стратези и тактичари на евро-атлантскиот полусвет, да ја морам вака да го кажам: Да добие улога, едно племе како што ги нарекува Ноам Чомски..."
Миленко Неделковски: „...диво племе...",
Мирка Велиновска: „...кое што не може да се спитоми, кое не може да изгради ни соработка ни соживот со никој, вклучително и со своите сопственици, односно газди, да му дадеш улога да учествува во операција обезименување на еден..."
Миленко Неделковски: „...на друг народ, не на неговиот..."
Мирка Велиновска: „...домороден народ. Тој проблем, го имаат и Грците нели, тука се исти. Се гледа дека немаме ништо. Значи не се цивилизирани народи него се дивјаци. Дивјаци. Грците не се ништо подобри, односно Хелените. Знаеш дека во пописните книги и во историјата на турската империја, не постоеле Албанци, не постоеле Шиптари, се викале Арнаути..."
Миленко Неделковски: „...како група како народ..."
Мирка Велиновска: „...Арнаути, племе Арнаутско..."
Миленко Неделковски: „...Па ние така ги викаме и ден денеска..."
Мирка Велиновска: „...Арнаути тоа им е името..."
Миленко Неделковски (додава): „...Да..."

.....

Мирка Велиновска: „...Најдобро спроведувани пописи, без лаги без ништо. Арнаут, етимолошки како да ти речам, појмовно симболот јазичен Арнаут значи оној кој нема каде да се врати. Или, скратено, скитач..."
Миленко Неделковски: „...чергар..."
Мирка Велиновска: „...чергар, бездомник. Они биле племе од Кавказот кое немало своја земја. Лутале, краделе, ќе поседат негде, ќе направат зулум, ќе се тргнат на друго место ќе идат. Значи немале своја територија, маркица... Дури и кога оделе со Турците, они биле само тоа. Дојденци во

определен момент. Значи оној кој нема каде да се врати...Тие одредуваат кое име кој е идентитетот на народ у кој они уствари се дојденци. Не се никакви Илири, да не се залажуеме.
Миленко Неделковски: „Значи симболиката на значењето на зборот на..."

Мирка Велиновска: „Зборот у превод тоа значи, како што Македон значи папок или пивот или центар..."

Миленко Неделковски: „...така Арнаутин значи човек кој нема кај да се врати..."

(00:53 – 00:58)

Мирка Велиновска: „... Скитачко племе без сопствена територија, не глеаш како луди купуваат сега со тапии затоа што ова им е прво на нив, што имаат и пак не е нивна земја. Откупуваат со насилства со све. Они, нивниот идентитет е бездомници и скитачи. Диво племе. Затоа се диво, не се цивилизирале. Не фатиле корен."

Миленко Неделковски: „Значи таткото на современата лингвистика Ноам Чомски, точно ја дава карактеристиката за нив. Значи тој вели диво племе, тоа во превод е практично Арнаути."

Мирка Велиновска: „Точно, точно, точно"...Тоа им било оригинерното име бе. Не е тоа, како да ти речам..."

Миленко Неделковски: ...„Тоа им е идентитетот..."

Мирка Велиновска: „...Тоа им е идентитетот. Не сум им го дала ја. Им понудиле име кога почнале националистичкиве прекројувања во 18 и 19 век у Европа. Они пред тоа си биле Арнаути. Ене им ги пописите. Тоа не е врзано со религија. Религијата е избор. Идентитетот им е тој. Види, пола западна Европа потекнува од племе Вандали. Вандал името синонимот е – грубјан, пљачкаш. Ја не им ги измишљам, они се тие. Го носат тој ген. Го носат тоа наследство и глумат цивилизација, глеаш дека не им стои добро цивилизација. Каде отидоа, кај им цапна нога, они растурија и цивилизација и уништија и народи и култури и све. И грабат. Не глеаш дека грабат. Све што е наследство културно они у музеи свои го зимаат."

Миленко Неделковски: „Овие што се историски факти, Арнаути, Ендопи, други, Маџири итн, Вулгари тоа никој не го користи како поента во овие разговори за разликите за името. Ниту го користи во однос на двојазичноста. Ниту во однос на договорот со Бугарија, за црквата."

При утврдувањето дали одредени медиумски содржини се форми на изразување кои се во рамките на правото на слобода на изразување или станува збор за говор на омраза, како што посочува „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" согласно Препораката бр. R (97) 20 во врска со „говор

на омраза"[10] треба да се имаат предвид, „меѓу другото, начинот, содржината, контекстот и целта на известувањето".

Исто така, како што се посочува во „Прирачникот во врска со говорот на омраза на Советот на Европа: „'Говорот на омраза' може да биде затскриен во изјави кои на прв поглед може да се чинат оти се разумни или нормални" при што тој може да се разоткрие преку судската пракса на Европскиот суд за човекови права и преку други текстови[11].

Мирка Велиновска, дискриминаторскиот говор го повторува повеќе пати, недвосмислено карактеризирајќи ги Албанците како „диво племе", „дивјаци", „скитачи", „чергари", „дојденци" итн. На овие изјави, водителот Неделковски не само што не реагира и не и се спротивставува, туку има позитивен став кон кажаното. Во меѓусебната комуникација, за да ги претстават своите ставови како разумни, вистинити и историски точни, тие се повикуваат на изјави од Ноам Чомски, како и на сопствени интерпретации на историски податоци и настани. Изјавите на говорниците се насочени против конкретна малцинска група, албанската етничка заедница, иако не изостануваат и негативни ставови кон Грците и Бугарите.

4. Што е содржината на изразувањето?

Овој дел од процената се однесува на тоа дали имало директно поттикнување на публиката да делува насилно, која е целната група на поттикнувањето, а која е целната група на дискриминацијата дали пораката има јасни референци на целната група, со каков тон се говори, дали обраќањето е директно и провокативно, односно дали новинарот сакал да го претстави "говорот на омраза" како феномен или ширел говор на омраза?

Во ова издание на „Миленко Неделковски шоу" проблематичниот говор се однесува на албанската етничка заедница, која гостинката Велиновска во неколку наврати недвосмислено ја третира како „дојденци", „чергари", „скитачко племе", „диво племе кое не се цивилизирало", Арнаути дојдени од Кавказот кои немале своја земја итн. Претставувајќи ја албанската заедница во Македонија како недостојна да учествува во одлучувањето за темите кои ја засегаат Република Македонија, говорот на Велиновска поттикнува омраза кај другите граѓани во земјата кон оваа етничка заедница.

5. Кои биле степенот и опсегот на изразувањето?

Со оглед на фактот дека емисијата се емитува на телевизиски програмски сервиси на државно ниво –ТВ Алфа, искажаните ставови се наменети за најшироката јавност, а со фактот што се искажани во однапред снимена актуелно – информативна програма дополнително се потврдува намерата да се искористи моќта на влијанието на телевизијата за да се шири дискриминаторски говор и говор на омраза.

[10] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.8, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

[11] "Manual on hate speech", Anne Weber, Council of Europe, септември 2009, стр. 5, достапен на: http://icm.sk/subory/Manual_on_hate_speech.pdf

Во овој контекст важно е да се потсети дека „Факт кој Судот [ЕСЧП] сериозно го зема предвид е дали „говорот на омраза" е кажан во текот на програма во живо. Судот особено разгледува дали авторот имал шанса да го коригира јазикот што го употребил"[12]. Анализираното издание на „Миленко Неделковски шоу" е однапред снимено и не се емитува во живо.

Тоа што емисиите се однапред снимени значи дека и ТВ Алфа можела уреднички да интервенира во содржината - бидејќи законски ја носи крајната уредничка одговорност за нивното емитување - но тоа не го сторила. ТВ Алфа, пред почетокот на емисијата се оградува од ставовите изнесени во неа. Сепак, како што е погоре веќе објаснето, со тоа Телевизијата не ја намалува својата уредничка одговорност, која е јасно дефинирана во член 3 став 1 точка 26 од ЗААВМУ.

6. Која била веројатноста од влијаење врз публиката и нејзините идни дејствија?

Овој дел од процената се однесува на тоа дали говорителот можел да влијае врз публиката, дали тоа што го кажал било разбрано како повик за дискриминаторски, насилни или непријателски дела, дали публиката имала средства да ја изврши заговараната активност, како и дали целната група неодамна претрпела, или била цел на дискриминација, насилство или непријателство?

Миленко Неделковски во неговата емисија не ја повикува директно и недвосмислено публиката да делува насилно, но воопшто не реагира на дискриминаторскиот говор на Велиновска и самиот ги повторува нејзините ставови во одредени моменти.

Имајќи предвид дека Република Македонија во 2001 помина низ оружен конфликт меѓу Албанците и Македонците, неоспорен факт е дека меѓуетничките односи во Република Македонија сè уште се чувствителна тема. Претставувајќи ги Албанците како нецивилизиран народ, заедница од втор ред која не смее да се меша во донесувањето на клучни државни одлуки, неминовно претставува повик за дискриминаторско однесување и јасна намера да се влијае врз публиката преку емисија која се емитува на национална телевизија.

Имајќи ги предвид сите наоди од оваа анализа се констатира дека ограничувањето на слободата за ваков вид изразување има легитимна цел и е неопходно во демократско општество поради тоа што како телевизија на државно ниво, во емисија која е однапред снимена и не оди во живо, ТВ Алфа донела уредничка одлука да им овозможи на авторот и на гостинката во емисијата да бидат извор на дискриминација и говор на омраза врз основа на етничка припадност.

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, донела уредничка одлука да емитува на својот програмски сервис однапред снимена програма со која се поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на етничка припадност. Имено, со дел од изјавите и ставовите на Миленко Неделковски и Мирка Велиновска изнесени во изданието на емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувано на 27 јануари 2018 година, со почеток во 23 часот и 13 минути и крај во 2 часот и 5 минути

[12] „Водич за мониторинг на 'говорот на омраза'", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2014, стр.15, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

на 28 јануари, се поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза кон албанската етничка заедница.

9. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, дека го прекрши член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со уредничката одлука на 27 јануари 2018 година, на својот програмски сервис, да ја емитува однапред снимената емисија „Миленко Неделковски шоу" во која преку дел од изјавите и ставовите на Миленко Неделковски и Мирка Велиновска се поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза кон албанската етничка заедница.

Освен ова, имајќи предвид дека во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е предвидена мерка за прекршување на член 48, директорот на Агенцијата, снимките од емисијата и Писмениот извештај од извршен програмски надзор, да ги достави до Основното јавно обвинителство Скопје и до Комисијата за заштита од дискриминација за нивно понатамошно постапување.

*Сектор за програмски работи*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО - СКОПЈЕ

Бр. 03-1178/1

Скопје 13.04.2018г.

Предмет: Известување со барање за постапување

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, при вонреден надзор реализиран по службена должност врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, констатираше дека во изданието на емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувана на 27 јануари 2018 година, авторот на емисијата Миленко Неделковски и неговата гостинка Мирка Велиновска изнесоа повеќе изјави и ставови со кои се поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза кон албанската етничка заедница. Со оглед на фактот дека станува збор за однапред снимена емисија, со уредничката одлука да ја емитува, ТВ Алфа овозможи да се шири дискриминација и говор на омраза врз основа на етничка припадност. Ваквото постапување е спротивно на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ).

Имајќи предвид дека ЗААВМУ не содржи казнена мерка /глоба за прекршување на член 48, ги доставуваме снимките од наведеното издание на емисијата „Миленко Неделковски шоу" на ТВ Алфа, заедно со Писмениот извештај за извршен програмски надзор, за Ваше натамошно постапување.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Директор

........................................

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13.03.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1174 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. Субјект на надзорот: телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. Период опфатен со надзорот: 27 и 28 јануари 2018 година (издание на емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувано на овие датуми)

4. Датум на извршување на надзорот: 13 март 2018 година

5. Предмет на надзорот:

   - Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност);

6. Претходно изречена мерка: Во 2018 година против медиумот нема претходно изречена мерка по член 48 од ЗААВМУ

7. Констатации од надзорот:

Со вонредниот надзор извршен по службена должност врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 27 и 28 јануари 2018 година, на државно ниво, <u>е констатирано прекршување на посебните забрани од член 48 од Законот</u> за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во изданието на емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувано на 27 јануари 2018 година со почеток во 23 часот и 13 минути и крај во 2 часот и 5 минути на 28 јануари, авторот на емисијата Миленко Неделковски и неговата гостинка Мирка Велиновска изнесоа повеќе изјави и ставови со кои се поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на етничка припадност. Со уредничката одлука да ја емитува оваа однапред снимена емисија, ТВ Алфа овозможи да се шири дискриминација и говор на омраза врз основа на етничка припадност.

*****

Анализираното издание на „Миленко Неделковски шоу", претставува актуелно-информативна говорна шоу програма, односно согласно Упатството за начинот на класификација на видовите

аудиовизуелни и аудио програми[1], таа е програмска целина чија примарна цел е да овозможи продлабочена анализа на актуелни или на реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени случувања, настани и теми, најчесто има точно утврден термин од програмската шема и е реализирана како студиска програма, осмислена од еден или од повеќе постојани водители преку - интервјуа, дебати или панел-дискусии, а може да вклучува и телефонски контакт со публика.

Емисијата е произведена од независни продуценти, но уредничката одлука за нејзино емитување ја носи ТВ Алфа која за таквата одлука сноси уредничка одговорност која е јасно дефинирана во член 3 став 1 точка 26 од ЗААВМУ: „Уредничка одговорност во аудио или аудиовизуелна медиумска услуга значи одлучувачка контрола врз изборот на програмите и врз нивното организирање во хронолошкиот редослед на програмите (програмска шема), во случај на телевизиско или на радио емитување (линеарни услуги)...". Телевизијата, пред почетокот на анализираната емисија, на телоп ја емитува следнава содржина: „Емисијата „Миленко Неделковски шоу" е надворешен проект и ставовите изнесени во неа, не се ставови на Алфа Телевизија.", но со ова таа не ја намалува својата уредничка одговорност за изборот да ја емитува во рамките на својата програмска шема.

- Изданието на емисијата од 27 јануари 2018 година, авторот и водител Миленко Неделковски, го започнува со вовед за како што вели, да ја објасни целта и идејата позади снимањето на една ваква емисија. Поканетата гостинка Мирка Велиновска, на ова се надоврзува и дополнително ја објаснува идејата за реализација на емисијата:

23:13:50 – 23:15:15

Миленко Неделковски: „Ова се сериозни времиња и за сериозни времиња бара сериозни анализи, постапки, не бара шарлатанство и комедијанти и токму затоа сметам дека во овие клучни, тешки моменти за оваа држава потребна е една ваква емисија. Во комуникацијата што ја имам со колешката Велиновска дојдовме до заклучок кој е јасен, чист, а тоа е дека ние немаме ништо заедничко со ова што се случува денеска во Македонија, дека ние никого немаме овластено, на никого му ги немаме предадено нашите права да го прави ова што го прави во случајов - преговорите за промена на името, за договор со Бугарија, за двојазичност. Значи никого не сме овластиле и токму затоа решивме со помош на еден наш добар пријател, професор на Правен факултет, да направиме документ кој сега јас ќе ви го прочитам на почетокот на емисијата со кое нешто ова што се случува не го признаваме и кое нешто сметаме дека ќе биде со време и санкционирано."

23:22:08 – 23:24:58

Мирка Велиновска: „Да подобјасниме вака што е целта, ние нели кога разговаравме, баравме начин во вакви тешки услови да отпочнеме асиметрична условно, да објавиме асиметрична војна на окупаторот и на домашните квислинзи. Идејата е да избегнеме уопште да разговараме за, да влеземе во замка на распишување референдум, собирање потписи тоа е губење време. Во вакви услови знаеме дека не може ни да се случи нешто нормално ниту некој ќе го, објективно ќе ги..."

Миленко Неделковски: „...И ќе биде фалсификуван..."

Мирка Велиновска: „...Да ќе биде фалсификуван и ќе се изигрува. Многу пати до сега во Европа тоа го видовме. Работава е со ваков начин да обезбедиме не само одговор масовен од Македонците и

[1] Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми, достапно на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Upatstvo_za_nacinot_na_klasifikacija_na_vidovite.pdf

сите оние што ја чувствуваат Македонија како сопствена татковина туку, и не само историски доказ дека сме дале отпор, туку и да обезбедиме правни основи за покренување правни постапки кога ќе дојдат нормалните услови. Овие учесници во ваков злостор против човештвото мора да бидат изведени и да одговараат пред судот врховен на Македонија или пред народните судови во Македонија."

Миленко Неделковски: „Ова не може што се случува сега да мине неказнето."

Мирка Велиновска: „Не може. Ова е само она што го правеа нели во службен весник, деца или родители кога се откажуваа од сопствениот род и не ги признаваа долговите направени на нивна сметка. Ние со вакви арамии, бандити немаме ништо заедничко, никој од нив не добил овластување од суверенот, македонскиот народ."

Миленко Неделковски: „Кон кого е и ова обраќање."

По ваквото објаснување на контекстот на емисијата, Неделковски чита дел од документ кој треба да биде упатен до Собранието на РМ од секој оној кој се согласува со неговата содржина, по што ја повикува гостинката во студиото да го каже својот став околу писмото и да ја објасни неговата цел. Оттука започнува анализата на гостинката Мирка Велиновска која од поширок аспект зборува за актуелните теми како што се преговорите за спорот за името и законот за јазиците, како и за историско-политичките теми и (минати и сегашни) држави кои на каков било начин може да се поврзат со Република Македонија и случувањата во неа изминатите неколку децении.

Во првиот час од емисијата, Велиновска повеќе зборува за теми кои не се директно поврзани со актуелните политички случувања и ги коментира активностите на поранешни и актуелни политичари кои ги смета за „недостојници". Во текот на емисијата водителот поретко се јавува со прашања и коментари, односно гостинката во емисијата слободно и, практично без прекинувања, ги диктира темите. Емисијата изобилува со нејзини ставови кон јавни личности меѓу кои политичари, уметници, професори и други лица кои на еден или друг начин учествувале во општествено-политичкиот живот во Македонија. Станува збор за говор за кој засегнатите лица, доколку сметаат дека им е повредена честа и угледот, можат да поведат граѓанска постапка пред надлежните судови според Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, по кој Агенцијата не е надлежна да постапува.

Во продолжение на емисијата може да се забележи дискриминаторски говор (забранет со ЗААВМУ) насочен кон албанската етничка заедница. Ставовите ги искажува гостинката Мирка Велиновска, а се поддржани од водителот Неделковски со потврдни зборови и дополнувања. Тој во ниту еден момент не спори со нејзините јавно искажани ставови и не се оградува од нив. Во прилог се цитати од деловите од емисијата во кои може да се забележи дискриминаторски говор:

00:46:01 – 00:50:46

Мирка Велиновска: „...Е сеа да дојдеме за цинизмот ако сакаш. Посебно поглавје кое го добија Албанците, се смета вака да речам по сите стандарди, за таков цинизам, таква злосторничка заебанција, смислена од овие стратези и тактичари на евро-атлантскиот полусвет, да ја морам вака да го кажам: Да добие улога, едно племе како што ги нарекува Ноам Чомски..."

Миленко Неделковски: „...диво племе...",

Мирка Велиновска: „...кое што не може да се спитоми, кое не може да изгради ни соработка ни соживот со никој, вклучително и со своите сопственици, односно газди, да му дадеш улога да учествува во операција обезименување на еден..."

Миленко Неделковски: „...на друг народ, не на неговиот..."

Мирка Велиновска: „...домороден народ. Тој проблем, го имаат и Грците нели, тука се исти. Се гледа дека немаме ништо. Значи не се цивилизирани народи него се дивјаци. Дивјаци. Грците не се ништо подобри, односно Хелените. Знаеш дека во пописните книги и во историјата на турската империја, не постоеле Албанци, не постоеле Шиптари, се викале Арнаути..."

Миленко Неделковски: „...како група како народ..."

Мирка Велиновска: „...Арнаути, племе Арнаутско..."

Миленко Неделковски: „...Па ние така ги викаме и ден денеска..."

Мирка Велиновска: „...Арнаути тоа им е името..."

Миленко Неделковски (додава): „...Да..."

Мирка Велиновска: „...Дури во крајот на 18 век, почетокот на 19 им понудиле две имиња, Арбанези или Шиптари. Да се одлучат. И они Шиптари го претпочитале, сега нели Албанци. Арбанези. Инаку, Арнаути..."

Миленко Неделковски: „...Како што се воведени во сите турски книги..."

Мирка Велиновска: „...Во сите. Значи кој сака нека си ги земе пописите. Турците се познати по тоа и Римјаните од стар Рим. Беспрекорни..."

Миленко Неделковски: „...педантни..."

Мирка Велиновска: „...Најдобро спроведувани пописи, без лаги без ништо. Арнаут, етимолошки како да ти речам, појмовно симболот јазичен Арнаут значи оној кој нема каде да се врати. Или, скратено, скитач..."

Миленко Неделковски: „...чергар..."

Мирка Велиновска: „...чергар, бездомник. Они биле племе од Кавказот кое немало своја земја. Лутале, краделе, ќе поседат негде, ќе направат зулум, ќе се тргнат на друго место ќе идат. Значи немале своја територија, маркица... Дури и кога оделе со Турците, они биле само тоа. Дојденци во одреден момент. Значи оној кој нема каде да се врати, како овој што беше таму како се вика министер лорано за здравство, па не знам, Арбен не знам, во холандска Амбасада..."

Миленко Неделковски: „...Груби да..."

Мирка Велиновска: „...Груби тепачот, Артан не знам...Тие одредуваат кое име кој е идентитетот на народ у кој они уствари се дојденци. Не се никакви Илири, да не се залажуеме."

Миленко Неделковски: „Значи симболиката на значењето на зборот на... "

Мирка Велиновска: „...Зборот у превод тоа значи, како што Македон значи папок или пивот или центар..."

Миленко Неделковски: „...така Арнаутин значи човек кој нема кај да се врати..."

00:53:07 - 00:58:10

Мирка Велиновска: „...Скитачко племе без сопствена територија, не глеаш како луди купуваат сега со тапии затоа што ова им е прво на нив, што имаат и пак не е нивна земја. Откупуваат со насилства со све. Они, нивниот идентитет е бездомници и скитачи. Диво племе. Затоа се диво, не се цивилизирале. Не фатиле корен.

Миленко Неделковски: „...Значи таткото на современата лингвистика Ноам Чомски, точно ја дава карактеристиката за нив. Значи тој вели диво племе, тоа во превод е практично Арнаути..."

Мирка Велиновска: „...Точно, точно, точно. Тоа им било оригинерното име бе. Не е тоа, како да ти речам..."

Миленко Неделковски: „...Тоа им е идентитетот..."

Мирка Велиновска: „...Тоа им е идентитетот. Не сум им го дала ја. Им понудиле име кога почнале националистичкиве прекројувања во 18 и 19 век у Европа. Они пред тоа си биле Арнаути. Ене им ги пописите. Тоа не е врзано со религија. Религијата е избор. Идентитетот им е тој. Види, пола Западна Европа потекнува од племе Вандали. Вандал името синонимот е – грубјан, пљачкаш. Ја не им ги измишљам, они се тие. Го носат тој ген. Го носат тоа наследство и глумат цивилизација, глеаш дека не им стои добро цивилизација. Каде отидоа, кај им цапна нога, они растурија и цивилизација и уништија и народи и култури и све. И грабат. Не глеаш дека грабат. Све што е наследство културно они у музеи свои го зимаат."

Миленко Неделковски: „Овие што се историски факти, Арнаути, Ендопи, други, Маџири итн., Вулгари тоа никој не го користи како поента во овие разговори за разликите за името. Ниту го користи во однос на двојазичноста. Ниту во однос на договорот со Бугарија, за црквата."

Мирка Велиновска: „Па не се спремени. Ништо! Па нема прозборено на ниво на месен комитет, во изјава за јавност да каже кој си ти бе ти да преговараш бе човек. Али Ахмети, Теута Арифи не знам кој... Прво е непристојно. Културен човек..."

Миленко Неделковски: „...пристоен човек, да, со домашна култура..."

Мирка Велиновска: „...воспитан човек, човек со достоинство со мозок, со чувство за праведност и правда не може да се упушти во тоа како да се вика земјата во која скитачково племе живее, како да се вика таа земја и како да се вика тој народ мнозинскиот односно што ја создал таа земја. И тоа западот си го користи, бидејќи овдека ни една жена ни маж не станува и вика: СТОП! Застани! Излагаме од преговори, кој ве шиша. Ма Америка стои, ма кој сака нека стои бе! Ова еднаш у 10 000 години се дешава. Ако успее у Македонија, отиде човештвото. Они како си дизајнираат, си произведуваат полови не знам ова она, ова е таков инженеринг, такво лудило ја не можам со ништо да го споредам. Почесно решение е и конц-логор да измислиш. И сега што е уште пострашно, нормалниот народ у депресија, без компас да може да се ориентира, без знаење како да се ориентира, влага у таква замка и малодушност да вика, а бе што и да праиме нема да успееме, еее големите веќе се договориле, тоа е на пат да легнеш и чекаш да ти ја олнат инјекцијата и да те усмртат. И за тоа Македонецот, заради такво искуство, има приказна, Цепенко ја има оставено во наследство. Ако и таа бабите на внуците не ја прочитале, или учителките на или негувателките у забавиште и прво одделение, ја не можам ништо да им помогнам...."

.....

Мирка Велиновска: „...Ние мора да го спасиме она што е наше. Не може мене Арнаути што немаат каде да се вратат..."

Миленко Неделковски: „...и Вулгари..."

Мирка Велиновска: „...и овие како да ги речам, вештачки народ со вештачко име со три... а цело наследство било нивно. Па држава немаа бе! Најбанкрот држава од кога ги создадоа Германците, секоја втора година банкротираа. Држава со најголем број банкроти. Еве и ја сум таков, нели имам таков ген. Тие ли ќе ми држат предавања? Апашишта. Нели варвари беа Македонците? Сите сме ги читале тие Филипики. Крадачи на истории. Тоа што е нивно е нивно, тоа што е на Македонија е на Македонија. Моеш ти да бришеш, да пребришуваш не можеш..."

***

- Во „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се посочува дека:

„Форматот за известување за резултатите од мониторингот треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата

на изразување во секој поединечен случај. Тоа значи дека релевантните оддели треба да подготват предлог во кој ќе се наведе дека постои "говор на омраза" во медиумите, цитирајќи го не само Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку и давајќи објаснување за легитимната цел за таквата одлука и зошто е потребно такво ограничување на слободата на изразување во едно демократско општество"[2]. Ова значи дека, со цел да се утврди дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права во Стразбур (ЕСЧП), потребно е да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество.

*Дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон?*

Одредби релевантни при оценувањето дали во емисијата „Миленко Неделковски шоу" од 27 јануари 2018 година има дискриминација по етничка основа се:

Член 10

Слобода на изразување

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината.

Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето или моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството."[3]

Од Законот за спречување и заштита од дискриминација - ЗСЗД („Службен весник на Република Македонија, бр. 50/10)

Член 3

Основи за дискриминација

„Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или

[2] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.28, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

[3] Европска конвенција за човекови права, член 10, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)."

Од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14, 142/16 и 132/17)

Член 48

Посебни забрани

„Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права."

Членот 48 од ЗААВМУ, во првиот став утврдува забрана за поттикнување или ширење „дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност", а потоа, во вториот став прецизира дека „посебните забрани од ставот (1) ... треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права". Во „Листата со факти - говор на омраза" ("Fact sheet – Hate speech") од февруари 2018 година на Европскиот суд за човекови права[4] се наведуваат неколку случаи со веќе донесени пресуди што се во врска со членот 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) кој се однесува на слободата на изразување.

Релевантни за конкретнава анализа се следниве случаи со донесена пресуда поради поттикнување омраза врз основа на расна и етничка припадност од „Листата со факти – говор на омраза" во кои членот 10 е применет во врска со поттикнување дискриминација на етничка основа:

Првиот случај е Павел Иванов против Русија (20 февруари 2012 година) во кој тужителот, сопственик и уредник на весник, беше осуден за јавно поттикнување на етничка, расна и религиозна омраза преку употреба на мас-медиуми. Тој напишал и објавил серија колумни кои ги претставуваат Евреите како извор на злото во Русија, повикувајќи на нивно исклучување од општествениот живот. Тој обвинил цела една етничка група за заговор против рускиот народ и ја препишал фашистичката идеологија на еврејското раководство. Во двете негови публикации, и во неговите искази на судењето, тој постојано го негирал правото на евреите на национално достоинство, тврдејќи дека тие не формирале нација. Тој особено се жалел дека неговата осуда за расна омраза не била оправдана. Европскиот суд за човекови права ја отфрлил жалбата согласувајќи се со проценката на руските судови дека преку своите публикации тој поттикнувал омраза кон Евреите. „Ваков општ, жесток напад на една етничка група е

[4] "Fact sheet – Hate speech", European Court of Human Rights, февруари 2018, достапен на: https://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf

насочен против основните вредности на Конвенцијата, особено толеранцијата, социјалниот мир и недискриминацијата"[5].

Во случајот Сулас и други против Франција (од 10 Јули 2008 година) станува збор за лица кои биле осудени поради поттикнување омраза кон муслиманските заедници од северна и централна Африка преку публикацијата насловена „Колонизацијата на Европа", со поднаслов „Вистинити белешки за имиграцијата и Исламот". Европскиот суд за човекови права утврдил дека француските судови не го прекршиле членот 10 од Конвенцијата посочувајќи оти, кога ја носеле пресудата тие „потенцирале дека термините користени во книгата имале за цел да предизвикаат кај читателите чувство на отфрленост и антагонизам, засилени со употреба на воен речник, во однос на заедниците за кои се зборува, кои беа посочени како главен непријател, и да ги наведе читателите на книгата да го делат решението препорачано од авторот, односно војна за етничко ре-освојување". Европскиот суд за човекови права смета дека основите за осудата биле „доволни и релевантни" и дека ограничувањето на слободата на авторите било неопходно во демократско општество.[6]

Во членот 48 став 1 од ЗААВМУ, забраната за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на националната припадност е експлицитно наведена. Согласно став 2 од овој член, Агенцијата треба ја следи практиката на Европскиот суд за човекови права, а како што јасно е образложено во пресудите во двата погоре посочени случаи - ограничувањето на слободата на изразување во случаи кога станува збор за „дискриминација, нетрпеливост или омраза" врз основа на национална и етничка припадност – не се смета за прекршување на членот 10 од ЕКЧП.

Во член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е забранета секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување и врз основа на етничка припадност.

Врз основа на сето ова може да се заклучи дека е исполнет првиот услов од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права, односно - ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон.

*Дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество?*

За да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и дали е неопходно во демократско општество, во натамошниот дел од извештајов содржината на емисијата „Миленко Неделковски шоу" ќе биде анализирана од аспект на прашањата од упатствата за мониторинг на говорот на омраза од „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата"[7] на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

[5] "Fact sheet – Hate speech", European Court of Human Rights, февруари 2018, заглавие Ethnic hate стр. 2, достапен на https://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf
[6] Ибид стр. 10.
[7] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.24-28, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

1. Кој бил контекстот на изразувањето?

Во однос на вкупниот општествено–политички контекст во државата, емисијата „Миленко Неделковски шоу" на ТВ Алфа е емитувана во време кога се интензивирани активностите околу преговорите за името со Република Грција, во собраниска процедура е предлог Законот за јазици и најголемата опозициска партија ВМРО ДПМНЕ не учествува во работата на Собранието на РМ. Изминатиот период во главниот град се одржаа неколку протести со кои се бараше прекин на преговорите за името, недонесување на Законот за јазици и непризнавање на потпишаниот Договор за добрососедство со Бугарија. Во воведниот дел од емисијата Неделковски и Велиновска објаснуваат како овој општествено–политички контекст е повод за емисијата.

2. Кое е лицето одговорно за изразувањето?

Како што посочува „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" согласно едно од начелата во Препораката бр. R (97) 20 во врска со „говор на омраза" :„Една од најважните разлики кои треба јасно да бидат изразени во националното право и пракса со цел да се направи јасна разлика меѓу одговорноста на авторот на изразите на говор на омраза, од една страна, и некаква одговорност на медиумите и медиумските експерти кои придонесуваат за ширење на истите како дел од нивната мисија да пренесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, од друга страна."

Во својата пракса, Европскиот суд за човекови права секогаш сметал дека е недозволиво новинарите и медиумите да бидат извор на говор на омраза, јасно видливо од случајот Сурек против Турција[8].

Во дадениов случај, извор на говорот се личности кои се лесно препознатливи во јавноста и се активни во општествено-политичкиот живот во државата. Миленко Неделковски повеќе години е автор на сопствено актуелно-информативно говорно шоу, кое се емитуваше на неколку различни телевизиски програмски сервиси. Мирка Велиновска е долгогодишна новинарка, колумнистка и честа гостинка во „Миленко Неделковски шоу". Емисијата е однапред снимена (во соработка со Томато продукција) и премиерно се емитува на ТВ Алфа - телевизиски програмски сервис на државно ниво кој емитува програма преку дигитален терестријален мултиплекс. ТВ Алфа има уредничка одговорност за нејзиното емитување во рамките на својот програмски сервис.

3. Дали постоела намера за провоцирање на говор на омраза?

„Артикл 19 ја дефинира намерата како "Волност (volition) (намерно настојување) да се заговара омраза, ...насочена кон заштитена група врз база на недозволени основи, а притоа да се биде свесен за последиците од своите постапки и знаејќи дека последиците ќе се случат или може да се случат во вообичаениот тек на настаните.[9]"

[8] Достапна на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-97087%22]}

[9] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.26, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

Европскиот суд за човекови права утврдува дали имало намера врз основа на процената за случајот и неговите околности како целина, особено преку специфичниот јазик: експлицитните зборови и изрази кои се користат, тонот на говорот и околностите; потоа степенот и бројот на повторувања на дискриминаторскиот говор; како и дали говорникот можел да го предвиди веројатното влијание од она што го кажал, дали цел му била одредена малцинска група и дали намерата била јасна и недвосмислена за публиката.

Ставовите што се изнесуваат во емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувани на ТВ Алфа од страна на гостинката Мирка Велиновска, а отворено поддржани од страна на водителот Миленко Неделковски, во еден дел несомнено претставуваат дискриминација и поттикнување на омраза врз основа на етничка припадност, а во некои постои обид да се затскријат зад искази на други познати личности, во случајов Ноам Чомски и да се рационализираат со посочување на одредени историски факти кои би ја намалиле одговорноста за искажаниот дискриминаторски говор.

Меѓу ставовите искажани од Мирка Велиновска и Миленко Неделковски, кои отворено претставуваат дискриминација по етничка основа спаѓаат следниве:

(00:48 – 00:50)

Мирка Велиновска: „...Е сеа да дојдеме за цинизмот ако сакаш. Посебно поглавје кое го добија Албанците, се смета вака да речам по сите стандарди, за таков цинизам, таква злосторничка заебанција, смислена од овие стратези и тактичари на евро-атлантскиот полусвет, да ја морам вака да го кажам: Да добие улога, едно племе како што ги нарекува Ноам Чомски..."
Миленко Неделковски: „...диво племе...",
Мирка Велиновска: „...кое што не може да се слитоми, кое не може да изгради ни соработка ни соживот со никој, вклучително и со своите сопственици, односно газди, да му дадеш улога да учествува во операција обезименување на еден..."
Миленко Неделковски: „...на друг народ, не на неговиот..."
Мирка Велиновска: „...домороден народ. Тој проблем, го имаат и Грците нели, тука се исти. Се гледа дека немаме ништо. Значи не се цивилизирани народи него се дивјаци. Дивјаци. Грците не се ништо подобри, односно Хелените. Знаеш дека во пописните книги и во историјата на турската империја, не постоеле Албанци, не постоеле Шиптари, се викале Арнаути..."
Миленко Неделковски: „...како група како народ..."
Мирка Велиновска: „...Арнаути, племе Арнаутско..."
Миленко Неделковски: „...Па ние така ги викаме и ден денеска..."
Мирка Велиновска: „...Арнаути тоа им е името..."
Миленко Неделковски (додава): „...Да..."

.....

Мирка Велиновска: „...Најдобро спроведувани пописи, без лаги без ништо. Арнаут, етимолошки како да ти речам, појмовно симболот јазичен Арнаут значи оној кој нема каде да се врати. Или, скратено, скитач..."
Миленко Неделковски: „...чергар..."
Мирка Велиновска: „...чергар, бездомник. Они биле племе од Кавказот кое немало своја земја. Лутале, краделе, ќе поседат негде, ќе направат зулум, ќе се тргнат на друго место ќе идат. Значи немале своја територија, маркица... Дури и кога оделе со Турците, они биле само тоа. Дојденци во

одреден момент. Значи оној кој нема каде да се врати...Тие одредуваат кое име кој е идентитетот на народ у кој они уствари се дојденци. Не се никакви Илири, да не се залажуеме.
Миленко Неделковски: „Значи симболиката на значењето на зборот на..."

Мирка Велиновска: „Зборот у превод тоа значи, како што Македон значи папок или пивот или центар..."

Миленко Неделковски: „...така Арнаутин значи човек кој нема кај да се врати..."

(00:53 – 00:58)

Мирка Велиновска: „... Скитачко племе без сопствена територија, не глеаш како луди купуваат сега со тапии затоа што ова им е прво на нив, што имаат и пак не е нивна земја. Откупуваат со насилства со све. Они, нивниот идентитет е бездомници и скитачи. Диво племе. Затоа се диво, не се цивилизирале. Не фатиле корен."

Миленко Неделковски: „Значи таткото на современата лингвистика Ноам Чомски, точно ја дава карактеристиката за нив. Значи тој вели диво племе, тоа во превод е практично Арнаути."

Мирка Велиновска: „Точно, точно, точно"...Тоа им било оригинерното име бе. Не е тоа, како да ти речам..."

Миленко Неделковски: ...„Тоа им е идентитетот..."

Мирка Велиновска: „...Тоа им е идентитетот. Не сум им го дала ја. Им понудиле име кога почнале националистичкиве прекројувања во 18 и 19 век у Европа. Они пред тоа си биле Арнаути. Ене им ги пописите. Тоа не е врзано со религија. Религијата е избор. Идентитетот им е тој. Види, пола западна Европа потекнува од племе Вандали. Вандал името синонимот е – грубјан, пљачкаш. Ја не им ги измишљам, они се тие. Го носат тој ген. Го носат тоа наследство и глумат цивилизација, глеаш дека не им стои добро цивилизација. Каде отидоа, кај им цапна нога, они растурија и цивилизација и уништија и народи и култури и све. И грабат. Не глеаш дека грабат. Све што е наследство културно они у музеи свои го зимаат."

Миленко Неделковски: „Овие што се историски факти, Арнаути, Ендопи, други, Маџири итн, Вулгари тоа никој не го користи како поента во овие разговори за разликите за името. Ниту го користи во однос на двојазичноста. Ниту во однос на договорот со Бугарија, за црквата."

При утврдувањето дали одредени медиумски содржини се форми на изразување кои се во рамките на правото на слобода на изразување или станува збор за говор на омраза, како што посочува „Водичот за мониторинг на „говорот на омразата" согласно Препораката бр. R (97) 20 во врска со „говор

на омраза"[10] треба да се имаат предвид, „меѓу другото, начинот, содржината, контекстот и целта на известувањето".

Исто така, како што се посочува во „Прирачникот во врска со говорот на омраза на Советот на Европа: „'Говорот на омраза' може да биде затскриен во изјави кои на прв поглед може да се чинат оти се разумни или нормални" при што тој може да се разоткрие преку судската пракса на Европскиот суд за човекови права и преку други текстови[11].

Мирка Велиновска, дискриминаторскиот говор го повторува повеќе пати, недвосмислено карактеризирајќи ги Албанците како „диво племе", „дивјаци", „скитачи", „чергари", „дојденци" итн. На овие изјави, водителот Неделковски не само што не реагира и не и се спротивставува, туку има позитивен став кон кажаното. Во меѓусебната комуникација, за да ги претстават своите ставови како разумни, вистинити и историски точни, тие се повикуваат на изјави од Ноам Чомски, како и на сопствени интерпретации на историски податоци и настани. Изјавите на говорниците се насочени против конкретна малцинска група, албанската етничка заедница, иако не изостануваат и негативни ставови кон Грците и Бугарите.

4. Што е содржината на изразувањето?

Овој дел од процената се однесува на тоа дали имало директно поттикнување на публиката да делува насилно, која е целната група на поттикнувањето, а која е целната група на дискриминацијата дали пораката има јасни референци на целната група, со каков тон се говори, дали обраќањето е директно и провокативно, односно дали новинарот сакал да го претстави "говорот на омраза" како феномен или ширел говор на омраза?

Во ова издание на „Миленко Неделковски шоу" проблематичниот говор се однесува на албанската етничка заедница, која гостинката Велиновска во неколку наврати недвосмислено ја третира како „дојденци", „чергари", „скитачко племе", „диво племе кое не се цивилизирало", Арнаути дојдени од Кавказот кои немале своја земја итн. Претставувајќи ја албанската заедница во Македонија како недостојна да учествува во одлучувањето за темите кои ја засегаат Република Македонија, говорот на Велиновска поттикнува омраза кај другите граѓани во земјата кон оваа етничка заедница.

5. Кои биле степенот и опсегот на изразувањето?

Со оглед на фактот дека емисијата се емитува на телевизиски програмски сервиси на државно ниво –ТВ Алфа, искажаните ставови се наменети за најшироката јавност, а со фактот што се искажани во однапред снимена актуелно – информативна програма дополнително се потврдува намерата да се искористи моќта на влијанието на телевизијата за да се шири дискриминаторски говор и говор на омраза.

[10] „Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.8, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf
[11] "Manual on hate speech", Anne Weber, Council of Europe, септември 2009, стр. 5, достапен на: http://icm.sk/subory/Manual_on_hate_speech.pdf

Во овој контекст важно е да се потсети дека „Факт кој Судот [ЕСЧП] сериозно го зема предвид е дали „говорот на омраза" е кажан во текот на програма во живо. Судот особено разгледува дали авторот имал шанса да го коригира јазикот што го употребил"[12]. Анализираното издание на „Миленко Неделковски шоу" е однапред снимено и не се емитува во живо.

Тоа што емисиите се однапред снимени значи дека и ТВ Алфа можела уреднички да интервенира во содржината - бидејќи законски ја носи крајната уредничка одговорност за нивното емитување - но тоа не го сторила. ТВ Алфа, пред почетокот на емисијата се оградува од ставовите изнесени во неа. Сепак, како што е погоре веќе објаснето, со тоа Телевизијата не ја намалува својата уредничка одговорност, која е јасно дефинирана во член 3 став 1 точка 26 од ЗААВМУ.

6. Која била веројатноста од влијаење врз публиката и нејзините идни дејствија?

Овој дел од процената се однесува на тоа дали говорителот можел да влијае врз публиката, дали тоа што го кажал било разбрано како повик за дискриминаторски, насилни или непријателски дела, дали публиката имала средства да ја изврши заговараната активност, како и дали целната група неодамна претрпела, или била цел на дискриминација, насилство или непријателство?

Миленко Неделковски во неговата емисија не ја повикува директно и недвосмислено публиката да делува насилно, но воопшто не реагира на дискриминаторскиот говор на Велиновска и самиот ги повторува нејзините ставови во одредени моменти.

Имајќи предвид дека Република Македонија во 2001 помина низ оружен конфликт меѓу Албанците и Македонците, неоспорен факт е дека меѓуетничките односи во Република Македонија сè уште се чувствителна тема. Претставувајќи ги Албанците како нецивилизиран народ, заедница од втор ред која не смее да се меша во донесувањето на клучни државни одлуки, неминовно претставува повик за дискриминаторско однесување и јасна намера да се влијае врз публиката преку емисија која се емитува на национална телевизија.

Имајќи ги предвид сите наоди од оваа анализа се констатира дека ограничувањето на слободата за ваков вид изразување има легитимна цел и е неопходно во демократско општество поради тоа што како телевизија на државно ниво, во емисија која е однапред снимена и не оди во живо, ТВ Алфа донела уредничка одлука да им овозможи на авторот и на гостинката во емисијата да бидат извор на дискриминација и говор на омраза врз основа на етничка припадност.

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, донела уредничка одлука да емитува на својот програмски сервис однапред снимена програма со која се поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза врз основа на етничка припадност. Имено, со дел од изјавите и ставовите на Миленко Неделковски и Мирка Велиновска изнесени во изданието на емисијата „Миленко Неделковски шоу" емитувано на 27 јануари 2018 година, со почеток во 23 часот и 13 минути и крај во 2 часот и 5 минути

[12] „Водич за мониторинг на 'говорот на омраза'", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2014, стр.15, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

на 28 јануари, се поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза кон албанската етничка заедница.

9. Предлог:

Директорот на Агенцијата, согласно Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) (бр. 01-3905/1 од 23.07.2014 година) писмено да му укаже на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, дека го прекрши член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со уредничката одлука на 27 јануари 2018 година, на својот програмски сервис, да ја емитува однапред снимената емисија „Миленко Неделковски шоу" во која преку дел од изјавите и ставовите на Миленко Неделковски и Мирка Велиновска се поттикнува и шири дискриминација, нетрпеливост и омраза кон албанската етничка заедница.

Освен ова, имајќи предвид дека во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не е предвидена мерка за прекршување на член 48, директорот на Агенцијата, снимките од емисијата и Писмениот извештај од извршен програмски надзор, да ги достави до Основното јавно обвинителство Скопје и до Комисијата за заштита од дискриминација за нивно понатамошно постапување.

*Сектор за програмски работи*